# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## Претседател

Скопје, 5 јули 2013 година

**Почитувани,**

Имам чест да ве поздравам сите вас, вечерва собрани во Сиднеј на Гала вечерата, која Обединетата македонска дијаспора ја организира во чест на министерот за надворешни работи на Австралија, сенаторот Боб Кар.

Посебно ме радува што годинешниов собир се одржува во духот на заедничките заложби за унапредување на македонско-австралиските односи. Токму затоа, би сакал да ја искористам оваа прилика за да ја поздравам одлуката на ОМД, Наградата за пријателство со Македонија, да им ја додели на копретседавачите со Австралиско-македонската парламентарна група на пријателство - Стивен Џонс и Лук Симпкинс, за нивниот придонес кон развојот и зајакнувањето на односите помеѓу Австралија и Македонија.

Како претседател на Република Македонија, среќавајќи се со иселениците низ светот, и самиот имав можност лично да се уверам дека Македонија насекаде има и пријатели, и партнери и поддржувачи. Таквата поддршка е исклучително значајна и придонесува за зацврстување на нашата позиција во еден наметнат спор, поточно за исправување на неправдата на која Република Македонија е изложена.

Но, тука се и другите важни промотори на нашата историска мисија – да ја градиме Македонија како развиена, напредна, просперитетна и демократска држава. Република Македонија е горда на своите иселеници кои директно придонесуваат за зацврстување на врските со земјите во кои тие ја продолжуваат својата судбина, не заборавајќи ја својата татковина. Силните врски кои ги воспоставуваат бројните истакнати иселеници, кои со гордост си ги носат и негуваат националните карактеристики, направиле стабилни мостови на соработка, разбирање и почитување. Посебно би сакал да ви се заблагодарам вам, на припадниците на македонската дијаспора, за сиот ваш ангажман, посветеност и за напорите кои ги вложувате, со цел меѓународна афирмација на традиционалните обележја и вредности на македонскиот народ - на македонскиот идентитет, јазик, историја и традиција. Во таа смисла ги упатувам моите најсрдечни честитки по повод доделувањето на годинешната награда на ОМД за животно достигнување на г. Мик Велоски, како признание за неговата значајна улога во напредувањето на македонската кауза.